# Предупредување за патување

## за Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Косово, Црна Гора, Северна Македонија, Република Молдавија, Романија, Србија, Турција

Поради значителното зголемување на бројот на заразени со KOVID-19, австриското министерство за надворешни работи на 01.07.2020. како и на 08.07.2020. издаде **предупредување за патување** (степен на безбедност 6), за **следниве држави**:

- **Албанија**
- **Босна и Херцеговина**
- **Бугарија**
- **Косово**
- **Црна Гора**
- **Северна Македонија**
- **Република Молдавија**
- **Романија**
- **Србија**

Исто така предупредувањето за патување останува за **Турција** (степен на безбедност 6).

Во овие држави постои висока опасност од заразување со коронавирусот а со тоа значителна повисока опасност по здравјето на патниците и нивната околина. Изричито се предупредува за патувања во овие земји.

Сите информации за патување можете да ги погледнете на веб страната на министерството за надворешни работи: www.aussenministerium.at

При влез во Австрија од наведените држави, Австријците или лицата од трети земји, со место на живеење или дозвола на престој во Австрија, мораат да прикажат лекарска потврда со негативен резултат од тестот за SARS-CoV-2, кој не смее да биде постар од 4 дена.

Доколку при контролата на влез во државата не се прикаже таква лекарска потврда, лицето мора да оди 14 дена во домашен карантин. Домашниот карантин може пред време да се прекине само доколку се прикаже негативен резултат од тестот. Престојот во карантин се контролира од страна на институциите.

Bundesministerium
Europäische und internationale Angelegenheiten

Bundesministerium
Soziales, Gesundheit, Pflege und Konsumentenschutz

ÖIF ÖSTERREICHISCHER INTEGRATIONS FONDS